РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Врз основа на член 20,став 1од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101/19), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 15.06.2022, Општина Македонски Брод го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од [redacted], по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер целосно се уважува.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на Барањето на информација од јавен карактер доставено од [redacted] Општина Македонски Брод Ви ги доставува бараните информации:

1. Предлог-буџет за 2022 година ќе го најдете на следниот линк: https://www.mbrod.gov.mk/index.php/mk/budjet-2022-godina
2. Општина Македонски Брод нема изготвено Годишен извештај за работењето за 2021 година.
3. Општина Македонски Брод не изготвува Граѓански буџет.
4. Извештај од надворешна ревизија за 2017 година е во прилог на овој е-маил.
5. За работењето во 2021 година не е изготвен отчет.
6. Во 2021 година нема спроведено граѓански форум.
7. Општина Македонски Брод има изготвено Стратегија за управување со ризици, и истата е во прилог на овој е-маил.
8. Седниците на општинскиот Совет се отворени. Граѓаните доколку се заинтересирани можат да присуствуваат со претходно пријавување на присуство.

9. За јавните расправи или седници на Советот, граѓаните се известени преку веб страницата на општината, преку огласна табла, преку директни контакти или преку поставување известување на видливи места.
10. Општината нема организирано јавна расправа по основ на Завршна сметка за 2021 година.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Македонски Брод на 29.06.2022 под број 15-525/2.

Службено лице,
Милка Стаменкоска
М. Стаменкоска

ГРАДОНАЧАЛНИК,
м – р ЖАРКО РИСТЕСКИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД